**А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА**
Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија

**Т. 4**

**СОБРАНИЕ НА АД**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на чл. 483, а в.в со чл. 383 став 1 т. 2 од Законот за трговски друштва како и чл. 60, став 1, точка 6 и чл.80 од Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар – Апаратна Техника – Скопје, како и врз основа на Одлуката на Собранието на акционери од 20.08.2018 година, заведена под бр.0201-75 од 21.08.2018 год, Собранието на Акционерското друштво на седницата одржана на ден 21.11.2018 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за распределба на добивката по годишната сметка за деловната 2017 година

1) Се усвојува распределбата на добивката по годишната сметка за деловната 2017 година на следниот начин:

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | **Нето добивка** | **89.076.337** |
| **2.** | **Задолжителни законски-општи резерви** | **4.453.817** |
| **3.** | **Статутарни издвојувања по чл.80, став 2** | **11.503.155** |
| **4.** | **Добивка за распределба на дивиденда** | **73.108.535** |
| **5.** | **Акумулирана добивка** | **10.830** |

2) Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е:**

Врз основа на Одлуката на Собранието на акционери на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, бр. 0201-75 од 21.08.2018 година донесена на презакажаното редовно годишно Собрание на акционери од 20.08.2018 година, со која се овластува Одборот на директори да изврши корекција на годишната сметка и финансиските извештаи за 2017 година со цел да износот од 189.662.518,00 денари, добиен по правосилна Пресуда на Апелациониот суд-Скопје ТСЖ бр.1736/17 од 07.12.2017 година и Пресудата на Врховниот суд на РМ Рев1 бр.51/2018 од 21.06.2018 година, се прикаже како приход во деловната 2017 година, па согласно законските прописи и Меѓународните сметководствени стандарди се утврди добивката, нејзината распределба согласно Законот и Статутот како и исплатата на дивиденда со утврдување на износот на

дивиденда по акција и дивиденден календар, Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје, спроведе корективни ставови во поглед на годишната сметка и финансиските извешаи за 2017 година и изврши повторно изготвување и одобрување на годишната сметка и финансиските извештаи за 2017 година,а кои се рефлектираат и на Одлуката за распределба на добивката.

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**